Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 786/3
Датум: 18-12-2023

По претставката бр. 08 – 786/1 од 06.11.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 18.12.2023 години го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### За офрлање на претставката поради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 786/1 од 06.11.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ**.

### Образложение

На 06.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на [redacted] против [redacted].

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот), податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што поднесената претставка не ги содржеше наведените елементи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација го задолжи подносителот истата да ја доуреди. Подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката во насока што ќе ги наведе податоците за посочениот дискриминатор, односно неговата адреса и дескриптивно ќе го опише настанот што е повод за поднесување на претставката.

**Во законски предвидениот рок подносителот не ја доуреди претставката.**

Следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 786/1 од 06.11.2023 година поради неуредност.

Скопје
18.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]